## V ТИ Секторски комитет за следење на ИПАРД III Програмата 2021-2027

Статус на активностите на Ревизорското тело за ревизија на ИПА (РТ) после одржаниот четврт секторски комитет за следење на 03.12.2024 година во Скопје:

Активностите кои ги спроведува Ревизорското тело (РТ) се согласно три-годишните ревизорски стратегии (РС) за 2024-2026 и последната за 2025-2027 доставена на 29.11.2024 година, а согласно кои, РТ ги спроведе ревизиите во ФГ 2024 и 2025. Имајќи предвид, дека во декември 2024 година, Ве информиравме за спроведените активности, тоа што би сакала да ве известам за овој секторски комитет е дека сите планирани ревизорски активности ги завршивме навреме, а се со цел да издадеме годишен ревизорски извештај и годишни ревизорски мислења за ФГ 2024.

РТ на 17/03/2025 г., достави Годишен извештај за ревизорска активност (ГИРА), како и Годишни ревизорски мислења (ГРМ) за ИПАРД II и ИПАРД III Програмата:

а) ГРМ за ИПАРД II програмата 2014-2020 за ФГ 2024, беше издадено без ограничување на опсегот, со давање на неквалификувано мислење за: веродостојноста на финансиските извештаи или изјави/годишни сметки и квалификувано мислење за: законитост и регуларност на трошоците (влијанието на квалификацијата беше над 2% од вкупно декларираните трошоци) и функционирање на системите за управување и контрола во поглед на: слабости на надзор во процесот на авторизација на обврски и плаќања, исплати направени за инвестиции кои не се целосно пуштени во употреба и чии цели не се остварени и непостоење на долгорочна политика за задржување и мотивирање на персоналот.

б) ГРМ за ИПАРД III програмата 2021-2027 за ФГ 2024, беше издадено со ограничување на опсегот во поглед на фактот дека годишните финансиски извештаи се издадени без електронски интегриран софтвер за сметководство и финансии (САП систем) и придружни сметководствени информации. Согласно ова, РТ издаде квалификувано мислење за: веродостојноста на финансиските извештаи или изјави/годишни сметки, за законитост и регуларност на трошоците и за функционирање на системите за управување и контрола во поглед на: непостоење целосно функционален систем за финансии и сметководство во НАО/УС и ИПАРД Агенцијата, недостаток на придружна сметководствена евиденција (САП системот не е целосно функционален за ИПАРД III програмата), непостоење на долгорочна политика за задржување и мотивирање на персоналот, недоволен број на вработени во НАО/УС и Агенција, испразнети клучни позиции во ИПАРД Агенцијата.

в) ГИРА за ФГ 2024 беше изработен за ИПАРД II и ИПАРД III програмата, и ова беше специфично за ФГ 2024, имајќи го во предвид фактот дека периодот за оправданост на трошоците за ИПАРД II програмата, заврши на 31/12/2024. Расчистување на сметките за ФГ 2024 со ГД Агри е во тек и за следниот СКС ќе информираме за прогресот кој е направен во врска со наодите кои беа констатирани со ревизиите.

Би сакала да им се заблагодарам на вработените во ИПАРД Агенцијата и НАО/УС, за нивната брза/навремена комуникација, особено во првиот квартал на ФГ 2025 година, кога РТ секојдневно бараше документи преку електронски начин, се со цел да се заврши исцрпувачката работа за целосно завршување на неопходните ревизорски активности.

Планирани ревизорски активности за ФГ 2025:

Согласно РС 2025-2027 ќе спроведеме системски ревизии (октомври -декември 2025) и ревизии на операции, само за ИПАРД III програмата и последователна ревизија и ревизија на долгови за ИПАРД II програмата. Согласно законската регулатива, најдоцна на крајот од месец април / јули 2025 година, НАО/УС ќе ги испрати првата и втората декларација на трошоци (Д1) до ГД Агри. Согласно овие рокови, ревизиите ќе се извршуваат во период од април- октомври 2025 година.

Изработил: м-р Љубица Локвенец, ОДР, ОВРЈС,
Помошник на Главниот ревизор за ИПА на
Сектор за ревизија на програми за рурален развој

Скопје, 25 април 2025 година